Предлог текст на
**УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ**

# PANTENOL CREAM 5%

**Dexpanthenol**
**Крем**

**Пред употреба на лекот внимателно прочитај го упатството.**

- Овој лек може да се набави без лекарски рецепт. Меѓутоа, неопходно е внимателно да го употребувате лекот PANTENOL CREAM 5%, како би можеле со него да постигнете најдобри резултати.
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот Лекар или фармацевт.
- Доколку Вашите симптоми се влошат или ако не Ви биде подобро после неколку дена, обратите се на Вашиот лекар.
- Доколку некое несакано дејство стане сериозно или ако забележите некое несакано дејство кое не е наведено во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

**Упатство содржи:**

*1. Што претставува PANTENOL CREAM 5% и за што се употребува*
*2. Што мора да знаете, пред да употребите PANTENOL CREAM 5%*
*3. Како да се употребува PANTENOL CREAM 5%*
*4. Можни несакани дејства*
*5. Чување и рок на употреба на PANTENOL CREAM 5%*
*6. Додатни информации*

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА PANTENOL CREAM 5% И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

- PANTENOL CREAM 5% содржи активна супстанција декспантенол, кој по својот изглед е бел, мек и хомоген крем со специфичен мирис.
- Достапен е во алуминиумска туба која содржи 30 g крем, со HDPE затворач (направен од полиетилен со висока густина), и која е спакувана заедно со упатството за употреба во картонска кутија.
- Се корисит за третман на било каков тип на минорни рани со ризик од инфекции, хронични рани како што се улцери (чиреви) на нозете, декубитални улцери), инфицирани кожни иритации, рагади на брадавиците кај мајки кои дојат, анални фисури, оштетувања на кожата (посекотини, гребнатини и др.), постоперативни рани, кожен раш (исип) и црвенило на кожата при употреба на пелени кај бебиња.
- Декспантенолот има значајна улога во одржувањето на функцијата и регенерацијата на кожата/
- Декспантенолот помага во одржувањето на еластичноста и влажноста на кожата.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ PANTENOL CREAM 5%

**Немојте да употребувате PANTENOL CREAM 5% ако:**

- сте алергични (преосетливи) на декспантенол или на било која помошна супстанција на PANTENOL CREAM 5%, наведени во делот 6.
- доколку се има појавно црвенило
- доколку проблематичниот дел одеднаш настане воспаление или се инфицираат.

**Бидете посебно внимателни со PANTENOL CREAM 5%**

Пред да започнете да употребувате PANTENOL CREAM 5%, внимателно прочитајте го упатството за употреба на лекот.

Не го нанесувајте кремот PANTENOL CREAM 5% во очите, ушите и деловите на кожата и слузокожата од устата и вагината.

Информирајте го Вашиот лекар или фармацевт доколку забележите некоја алергиска реакција.

**Употреба на други лекови !**

Секогаш, известете го Вашиот лекар или фармацевт ако земате или неодамна сте земале било кој друг лек, вклучувајќи ги и лековите кои се издаваат без лекарски рецепт.

Уреа може да ја зголеми пенетрација низ бариерата на кожата на другите топикални лекови (на пример, кортикостероиди, дитранол и флуороурацил) кога се користат во исто време.

**Употреба на PANTENOL CREAM 5% со храна или со пијалоци**

Со оглед на начинот на употреба (локално), нема интеракции помеѓу употребата на лекот и земањето на храна или пијалоци.

**Бременост**

*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете каков било лек во колку сте бремени, мислите дека сте бремени, сакате да забремените или ако доите.*

PANTENOL CREAM 5% може да се употребува во текот на бременоста и периодот на доење, но треба да се избегнува негова употреба на големи површини.

**Доење**
*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да го земете овој лек.*

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

Површините каде што се нанесува кремот треба добро да се исчистат пред секој подој кога лекот се користи за третман на рагади на дојките во периодот на доење.

**Влијание врз психофизичките способности при управување со моторно возило и машини**

PANTENOL CREAM 5% нема влијание врз способноста за возење и ракување со машини.

**Важни информации поврзани со некои од помошните компоненти во лекот**

PANTENOL CREAM 5% содржи метилпарабен кој може да предизвика алергиска реакција;

PANTENOL CREAM 5% содржи цетостерил алкохол кој може да предизвика локална кожна реакција (како што е контактен дерматитис).

PANTENOL CREAM 5% содржи пропилен гликол кој може да предизвика иритација на кожата.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА PANTENOL CREAM 5%

*Секогаш употребувајте PANTENOL CREAM 5% според препораките за употреба содржани во упатствата. Доколку не сте сигурни консултирајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

САМО ЗА НАДВОРЕШНА УПОТРЕБА!

Освен ако не е поинаку препорачано од страна на Вашиот лекар, обично се применува следниот режим на дозирање:

*Забрзување на заздравувањето и епителизација:* се нанесува еднаш или два пати на ден.

*Нега на градите кај мајки кои дојат:* се нанесува на брадавиците после секој подој. Дојките треба да се исчистат со вода пред доењето.

*Доенчиња:* се аплицира при секоја промена на пелените.

**Начин на употреба**

PANTENOL CREAM 5% се нанесува во тенок слој на добро исчистени рани или воспалени кожни површини, еднаш или повеќе пати на ден, додека не се постигне комплетно подобрување. Ако е потребно, на раната може да се стави преврска.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

*Ако имате впечаток дека ефектот на лекот PANTENOL CREAM 5% е премногу силен или премногу слаб, посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

**Ако сте употребиле повеќе од лекот PANTENOL CREAM 5% одколку што требало?**
Во случај на употреба на кожата повеќе од препорачаната доза, не се очекуваат несакани ефекти.
Меѓутоа, во случај кремот да се проголта несакајќи, контактирајте го Вашиот лекар.

**Доколку заборавите да употребите PANTENOL CREAM 5%**
Доколку пропуштите некоја апликација на PANTENOL CREAM 5% во одреденото време, нанесете веднаш штом ќе се сетите. Не нанесувајте двојна количина за да ја надополните пропуштената.

*Ако имате дополнителни прашања за употребата на овој лек, посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите лекови и PANTENOL CREAM 5% може да има несакани дејства, иако истите не се јавуваат кај сите пациенти.*

**Веднаш информирајте го Вашиот лекар или одете во најблиската здравствена установа ако забележите нешто од следното:**

МНогу ретко: алергиски реакции и алергиски кожни реакции како што се контактен дерматитис (вида на кожно заболување), алергиски дерматитис (вид на кожно заболување), јадеж, црвенило на кожата (еритем), јадеж и отечена кожа (егцем), раш (исип), уртикарија, осетливост на кожата и пликови по кожата.

*Воколку некое несакано дејство стане сериозно, или забележите несакано дејство кое не е опишано во ова упатство, информирајте го Вашиот лекар или фармацевт.*

## 5. ЧУВАЊЕ НА PANTENOL CREAM 5%?

Лекот чувајте го на температура под $25^{0}$C.
**Лекот чувајте го на места недостапни за децата!**

*Рок на употреба*
24 месеци од датумот на производство

Не употребувајте PANTENOL CREAM 5% по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на пакувањето.

Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од наведениот месец.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА *СКОПЈЕ*

Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. ДОДАТНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи PANTENOL CREAM 5%**
*Активна супстанција:* декспантенол
1 g крем содржи:
50 mg декспантенол

*Помошни супстанции:*
Цетостерил алкохол
Кремфор А16
Кремфор А25
Парафин течност
Метил парабен
Пропилен гликол
Парфем
Дејонизирана вода

**Како изгледа и што содржи пакувањето во PANTENOL CREAM 5%**

PANTENOL CREAM 5%
*Крем*
Бел, мек, хомоген крем со специфичен мирис.

*Пакување:* Алуминиумска туба од 30 g со бел HDPE затворач, во картонска кутија

**Производител**

DEVA Holding A.S.
Истанбул, Турција

**Носител на решението за промет**
РИФАМ, Гостивар,
Р. Македонија

**Начин на издавање**
Лекот се издава без лекарски рецепт (БР)

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
*Упатство е одобрено ...*

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА СКОПЈЕ